# ДОДАТОК III

# УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

**Друштво за производство, земјоделие, трговија и услуги “ФРЕШ ФАРМ” ДОО увоз- извоз Мршевци, Илинден**

**Барање за добивање на А интегрирана еколошка дозвола**

## ДОДАТОК III

## УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

### СОДРЖИНА


III.1. Организациона структура на управувањето ... 3

III.1.1. Управител ... 3

III.1.2. Менаџер за производство ... 3

III.1.3. Менаџер за продажба ... 3

III.1.4. Овластен сметководител ... 4

III.1.5. Обука и квалификации ... 4

ПРИЛОЗИ КОН ДОДАТОК III ... 5


### ПРИЛОЗИ


Прилог III 1 Органограм на живинарската фарма на “Фреш Фарм“ ... 6

## III.1.Организациона структура на управувањето

Управувањето со инсталацијата „Фреш Фарм“ Доо Мршевци, Илинден го врши Управителот преку вработените кои се соодветно обучени за работењето и имаат свои работни задачи. Дел од активностите во инсталацијата, кои се однесуваат на заштита на живината (вакцинација), безбедност и здравјето на живината ги вршат надворешни компании/организации со соодветни овластувања.

Управувањето на инсталацијата (живинарска фарма) на „Фреш Фарм“ Доо Мршевци, Илинден е прикажано на организационата шема дадена во Прилог III 1 на овој Додаток.

### III.1.1. Управител

Со систематизацијата донесена во рамки на живинарската фарма, на чело на инсталацијата е Управител. Во надлежност на управителот се прашањата поврзани со целокупното функционирање на живинарската фарма на Фреш Фарм. Заради обемот на работата и поврзаните активности во живинарската фарма, оперативноста на живинарската фарма управителот ја следи преку своите вработени и тоа: менаџер за производство кој е одговорен за технолошкиот процес на производство, менаџер за продажба кој раководи со активностите за продажба и дистрибуција на готов производ (јајца), како и овластен сметководител.

Управителот раководи со воведувањето на системи за квалитет и управување со живинарската фарма. Тој носи целосна одговорност за работата на „Фреш Фарм“.

Управителот планира примена на дополнителни мерки за подобрување и оптимизација на технолошкиот процес, како и примена на дополнителни мерки за заштита на животната средина и благосостојба на живината.

### III.1.2. Менаџер за производство

Менаџерот за производство раководи со технолошкиот процес на производство и е одговорен за функционирање на одгледувалиштата. Се грижи за обезбедување на безбедни и здрави услови за живината и оптимизирање на потрошувачката на суровини со производството на јајца. Менаџерот за производство воспоставува контакт со ветеринар и води евиденција за редовна имунизација на живината, воедно го контролира процесот на исхрана на живината и исправноста на инсталираната опрема.

### III.1.3. Менаџер за продажба

Основна одговорност на менаџерот за продажба се прашањата поврзани со планирање и управување со продажбата на јајца преку следење на производството и количините

на спакувани и класирани јајца. Менаџерот за продажба е одговорен и за пласирање на производот на пазарот и негова дистрибуција до крајните потрошувачи.

### III.1.4. Овластен сметководител

Овластениот сметководител раководи со административниот дел од Фреш Фарм. Негова одговорност е собирање и евидентирање на севкупната документација на Фреш Фарм, како и подготовка и систематизирање на финансиската документацијата на компанијата.

### III.1.5. Обука и квалификации

Вработените во Фреш Фарм имаат соодветни квалификации, искуство и обука за извршување на своите задачи и функции.

# ПРИЛОЗИ КОН ДОДАТОК III

*Прилог III 1 Органограм на живинарската фарма на “Фреш Фарм“*

